ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2022 ГОДИНА НА ОПШТИНА ВРАПЧИШТЕ
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2023 07 04/2

Скопје, мај 2024 година

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Врапчиште, на сметката на основен буџет (637) за 2022 година.

За финансиските извештаи на Општина Врапчиште за 2022 година на сметката на основен буџет (637), се воздржуваме од изразување на мислење, а за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики изразуваме неповолно мислење.

Не е извршена ревизија, ниту е издаден извештај за годините кои и претходат на годината што е предмет на ревизија на Општина Врапчиште, на сметката на основен буџет (637).

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност кај Општина Врапчиште, сметка на основен буџет (637) за 2022 година, констатирани се следниве состојби:

- сметководствените податоци кои се обработуваат со електронски сметачи не се заклучени, испечатени, потпишани и поврзани, поради што регистрираните податоци во деловните книги се менуваат и дополнуваат по завршувањето на пресметковниот период за кои се изготвени финансиските извештаи;
- во Општината не е извршен попис на средствата со состојба на 31 декември 2022 година и не е извршено усогласување на сметководствена евиденција на средствата со нивната материјална евиденција и со фактичката состојба;
- во Билансот на состојба не се евидентирани обврски за плата за месец декември 2022 година;
- извршени се плаќања за кои не е обезбедена соодветна поткрепувачка документација;
- инвестиционите вложувања во инфраструктурни објекти не се евидентираат на позицијата материјални средства во подготовка;
- Општината склучила договор за јавно приватно партнерство, при што не се почитуваат одредбите кои се однесуваат на обезбедување на потребната документација за поставување на јавно осветлување, обезбедување на банкарски гаранции и компаративни анализи на потрошената електрична енергија;
- ангажирани се лица за извршување на редовни работни задачи преку приватни агенции за вработување, за чиј ангажман не се доставени извештаи за остварени работни часови;
- за извршување на работни задачи од делокругот на редовното работење на Општината ангажирани се лица со договор на дело;
- без интерен акт за утврдени критериуми и начин на доделување на средства, доделени се средства на спортски клуб, кој нема доставено извештај за трошење на средствата;

- набавени се стоки и услуги без спроведена постапка за јавна набавка за што Општината има преземено обврски во вкупен износ од 2.490 илјади денари, што претставува надминување на законски утврдениот вредносен праг за приближно 1.575 илјади денари.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот на внатрешните контроли утврдивме дека не се донесени процедури за материјално и финансиско работење односно не е воспоставена ex-ante и ex-post финансиска контрола. При тоа утврдивме недоволна кадровска екипираност на секторот за финансиски прашања.

Од страна на градоначалникот на Општина Врапчиште не се доставени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 14-415/2 од 15.03.2024 година.

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| 1. Вовед | 1 |
| 2. Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. Основ за воздржување од давање на мислење за финансиски извештаи | 3 |
| 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи | 6 |
| 4. Законска основа за ревизијата и временски период | 11 |
| 5. Опфат и ограничувања | 12 |
| 6. Одговорност на раководството за финансиски извештаи | 12 |
| 7. Одговорност на ревизорите | 12 |
| 8. Недостатоци во внатрешна контрола | 14 |
| 9. Одговор на ревидираниот субјект | 15 |

Финансиски извештаи за 2022 година
Биланс на приходи и расходи 16
Биланс на состојба 17
Преглед на промени на извори на капиталните средства за 2022 година 18

## Список на кратенки

| | |
|---|---|
| ДДВ | Данок на додадена вредност |
| ЕСЈН | Електронскиот систем за јавни набавки |
| ЗЈН | Закон за јавните набавки |
| ИТ | Информатички технологии |
| Општината | Општина Врапчиште |

Број:14-415/6
Дата: 10.05.2024

## 1. Вовед

Општина Врапчиште е единица на локална самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа непосредно и преку претставници во органите на општината. Подрачјето на општината е утврдено согласно Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија[1] и своите надлежности ги извршува согласно Законот за локална самоуправа[2]. Согласно Законот за територијална организација на локалната самоуправа општината Врапчиште ги опфаќа селата: Врапчиште, Врановци, Галате, Градец, Горјане, Добри Дол, Ѓурѓевиште, Зубовце, Калиште, Ломница, Неготино, Ново Село, Пожаране, Сенокос и Топлица.

Општина Врапчиште, согласно член 22 од Законот, ги врши работите од јавен интерес од локално значење на општината што се однесуваат на: планирање и уредување на просторот, заштита на животната средина и природата, локален економски развој, комунални дејности, култура, образование, спорт, социјална и детска заштита, здравствена заштита, на подрачјето на Општина Врапчиште, надзор над вршењето на работите од надлежност на општината.

[1]„Сл. Весник на Република Македонија"  бр. 55/04, 12/05,  98/08, 106/08 и 149/14
[2]„ Сл. Весник на Република Македонија"  бр. 5/02

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на :

- финансиските извештаи на страна од 16 до 18 на Општина Врапчиште, на сметката на основен буџет (637), за 2022 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Промени на изворите на капиталните средства, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.
- усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Врапчиште за 2022 година на сметката на основен буџет (637) со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата објаснети во точката 3.1, ние не бевме во можност да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази како основа за мислење на ревизија. Следствено ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Општина Врапчиште на ден 31 декември 2022 година на сметка на основен буџет (637), кои беа предмет на ревизија.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2, активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Врапчиште за 2022 година на сметка на основен Буџет (637), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите, согласно ISSAI стандардите, се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Заради прашањата опишани во точките 3.1. ние не бевме во можност да добиеме доволен и соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

## 3.1. Основ за воздржување од давање на мислење за финансиски извештаи

3.1.1. Општина Врапчиште согласно член 2 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници е должна да води сметководство и деловни книги утврдени во членот 8 од Законот. Начинот на водење на деловните книги зависи од техниката на внесувањето на настанатите финансиски промени односно трансакции.

Со извршениот увид во организацијата на сметководството утврдивме дека:

- сметководствените податоци се обработуваат со електронски сметачи, односно за финансиско сметководствената евиденција, Општината користи апликативен софтвер изработен од надворешен субјект. Пристапот во апликацијата е со еден кориснички профил за сите вработени кои ја користат апликацијата за секојдневните работни задачи и истиот е со администраторски привилегии. Ваквото постапување не е согласно стандардите за ИТ безбедност според кои потребно е да има разграничување на должности и заштита на податоците во однос на доверливост, достапност и интегритет;
- на ден 18.09.2023 година во електронска форма беа доставени податоци од финансиско сметководственото работење на Општината за период 01.01.2022-31.12.2022 година со вкупно 3.664 записи. Со обработка на доставените податоци утврдивме разлики односно неусогласеност на податоците во електронска форма со податоците искажани во финансиските извештаи предмет на ревизија кои се составен дел на Завршната сметка. На ден 01.12.2023 година надлежните лица доставија нови податоци во електронска форма за финансиско сметководственото работење на Општината за период 01.01.2022-31.12.2022 година, со вкупно 3.483 записи, односно 181 запис помалку од претходно доставените. Со обработка и на овие податоци, повторно утврдивме разлики помеѓу податоците во електронска форма и податоците искажани во финансиските извештаи во хартиена форма. Наведените состојби не се во согласност со член 10 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, каде е уредено дека сметководствените податоци кои се обработуваат со електронски сметачи треба да бидат заклучени, испечатени, потпишани и поврзани, а согласно член 7 од истиот Закон, сите податоци регистрирани во деловните книги и во другите извештаи мораат да бидат целосни и комплетирани, навремени, ажурирани и да бидат презентирани хронолошки, а регистриран податок во деловните книги не смее да се менува и дополнува на начин што подоцна ќе го оневозможи утврдувањето на првобитно регистрираната содржина.

Утврдените состојби за начинот на сметководствена евиденција не даваат можност за потврдување дека се запазени начелата на правилно водење на сметководството, односно дека податоците искажани во финансиските извештаи на ден 31.12.2022 година се врз основа на точно, целосно, навремено,

хронолошки, веродостојно и комплетно евидентирање на сметководствените документи и трансакции.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности кои ќе обезбедат:

- разграничување на должности при работа со апликацијата за сметководствена евиденција и заштита на податоците во однос на доверливост, достапност и интегритет;
- сметководствените податоци кои се обработуваат со електронски сметачи, по изготвување на финансиските извештаи да бидат заклучени, испечатени, потпишани и поврзани.

3.1.2. Со увид во материјалната и сметководствената евиденција на средствата со кои располага Општината утврдивме неусогласеност помеѓу евиденциите кои се однесуваат на следното:

- во материјалната евиденција евидентирани се градежни објекти во вкупна вредност од 112.408 илјади денари, додека во Билансот на состојба на ден 31.12.2022 година вредноста на градежните објекти е прикажана во износ од 19.705 илјади денари;
- вредноста на опремата со која располага Општината во материјалната евиденција изнесува 7.966 илјади денари, додека во Билансот на состојба на ден 31.12.2022 година нејзината вредност е прикажана на износ од 9.306 илјади денари;
- Општина Врапчиште нема извршено попис на средствата и обврските со состојба на 31 декември 2022 година што не е во согласност со член 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, каде е утврдено дека секој буџетски корисник е должен најмалку еднаш годишно да врши усогласување на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба што се утврдува со попис на 31 декември.

Неспроведениот попис предизвикува неможност да се утврди фактичката состојба на средствата и да се изврши усогласување на сметководствената состојба со фактичката состојба утврдена со пописот што влијае на реално искажување на истите во финансиските извештаи.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности за организирање и извршување на пописот согласно Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот.

3.1.3. Со увид во Билансот на состојба и сметководствената евиденција констатиравме дека не се евидентирани обврски за плата за месец декември 2022 година во износ од 1.416 илјади денари.

Наведената состојба не е во согласност со член 22 став 5 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници во кој е наведено дека основните финансиски извештаи мораат да дадат точен, вистинит и целосен преглед на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи, како и состојбата на средствата, обврските и изворите на средствата.

Наведената состојба влијае врз реалноста на искажаните обврски во финансиските извештаи.

Препорака:

Градоначалникот да преземе активности за воспоставување на целосно евидентирање на обврските за плата со цел обезбедување точна и ажурна евиденција.

3.1.4. Во текот на 2022 година, исплатени се средства во износ од 1.672 илјади денари на Општинската изборна комисија за Локалните избори за 2021 година. На увид не беше доставен сметководствен документ врз основа на кој е извршена оваа исплата. Ваквиот начин на признавање на расходите без прилог (Одлука, Решение), не е во согласност со член 12 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници каде е уредено дека за внесување на податоци во деловните книги е потребен веродостоен и вистинит сметководствен документ како писмен доказ за настанатата финансиска промена, односно трансакција и член 13 во кој е предвидено дека сметководствениот документ се составува пред или во моментот на настанувањето на финансиската трансакција.

Плаќањето на расходите без веродостојни сметководствени документи, има влијание за потврдување на ненаменско трошење на средствата на Општината.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности признавањето на расходите да се врши врз основа на веродостојни сметководствени документи.

3.1.5. По основ на склучени договори за реконструкција на локални улици и патишта и за изградба на фекална и атмосферска канализација[3] во 2022 година исплатени се средства во вкупен износ од 13.488 илјади денари.

[3]Договор за реконструкција локален пат с. Градец – улица Радовец во износ од 2.068 илјади денари број 31-912/19 од 17.09.2021 година; Договор за реконструкција на локален пат во с. Градец во износ од 36.313 илјади денари број 31-912/15 од 11.08.2021 година; Договор за реконструкција на улици во с. Неготино и Добридол во износ од 13.253 илјади денари број 31-912/22 од 04.10.2021 година и Договор за изградба на фекална и атмосферска канализација во Општина Врапчиште во износ од 5.738 илјади денари број 31-822/14 од 25.11.2021 година

Со увид во доставената градежна и сметководствена документација за евиденцијата на градбите утврдивме дека во Општината не е воспоставена пракса, инвестиционите вложувања во инфраструктурни објекти да се евидентираат на позицијата Материјални средства во подготовка, а по нивното завршување на соодветните позиции во билансната или вонбилансната евиденција што не е во согласност со членовите од 19 до 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 6 од Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници.

Ваквиот начин на постапување не овозможува следење на инвестиционите вложувања во одреден објект и имаат за ефект нереално и необјективно прикажување на билансните позиции за тековната година.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности вложувањата во инфраструктурни објекти хронолошки да се евидентираат на позицијата Материјални средства во подготовка, а по извршениот технички прием, истите да се евидентираат на соодветните позиции билансната или вонбилансната евиденција.

### 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Општина Врапчиште има склучено Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за модернизација и реконструкција преку инвестиции во интелигентен и адаптивен систем за јавно осветлување (Smart lighting system) на 01.12.2020 година со времетраење од 12 години. Вредноста на договорот изнесува 94.798 илјади денари со ДДВ, а надоместокот кој ќе го исплаќа општината на месечно ниво изнесува 658 илјади денари. Општината има евидентирано обврски кон приватниот партнер во износ од 5.949 илјади денари, а во текот на 2022 година исплатени се средства во износ од 1.622 илјади денари.

Во март 2022 година склучен е договор за Асигнација помеѓу Општината, приватниот партнер и Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, во кој е регулирано дека обврските спрема приватниот партнер од Договорот за јавно приватно партнерство ќе ги исплаќа Друштво за дистрибуција на електрична енергија Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, од средствата на име комунална такса за јавно осветлување кои и следуваат на Општината.

Во октомври 2023 година, Општината има испратено Опомена пред раскинување на договорот до приватниот партнер, во која е наведено дека Комисија формирана од страна на Градоначалникот на Општината по извршен увид на терен утврдила дека приватниот партнер ги нема исполнето обврските во обем и динамика предвидени со договорот. Имено, приватниот партнер бил должен да

изврши воведување во управување и мониторинг на системот во рок од 12 месеци кој требал да биде безбеден, стабилен и интероперабилен. Контролната опрема и софтверот да содржи смарт контрола со современа технологија со далечинска контрола во насока на минимизирање на потрошувачката. Не е постапено согласно договорот, со кој приватниот партнер бил должен да изврши преместување на опремата од трафостаница на ЕВН во посебни ормари. Согласно договорот, а врз основа на физибилити студијата, со инсталирање на светилки со вкупна моќност не поголема од 80kW требало да се обезбеди заштеда од најмалку 40% на потрошувачката на електрична енергија. Комисијата извршила компаративна анализа на потрошувачката на електрична енергија за 2020 и 2021 година при што утврдила дека нема намалена потрошувачка за најмалку 40%. Исто така е наведено дека приватниот партнер не доставил годишни банкарски гаранции за квалитетно одржување. Согласно Договорот, Општината бара приватниот партнер да ги исправи пропустите и да презeме мерки и активности за потполно исполнување на обврските од договорот во однос на квалитетно извршување и почитување на роковите, во спротивно ќе изврши еднострано раскинување на Договорот.

До изготвување на овој Нацрт извештај не ни беа доставени документи за постапувањето на договорните страни по доставената опомена.

**Препорака:**

Градоначалникот да преземе мерки за доследно почитување на одредбите од договорот за јавно приватно партнерство.

3.2.2 По спроведени постапки и склучен договор[4] во 2021 година со приватни агенции за вработување, во текот на 2022 година исплатени се средства во вкупен износ од 3.085 илјади денари за 7 привремено ангажирани лица. Лицата се ангажирани за вршење на редовни работни задачи предвидени со Правилникот за систематизација на работните места, што не е во согласност со член 24 од Законот за приватните агенции за вработување, кој предвидува во кои случаи, агенцијата може да отстапи работник за вршење на привремени работи и да склучи договор. Исто така, Општината не доставува извештај за остварени работни часови на работникот до Агенцијата што не е во согласност со член 26 од Законот за приватни агенции за вработување.

Утврдените состојби за начинот на ангажирање на привремено ангажираните лица, укажуваат на намалена транспарентност при вработувањето и непостојаност на кадарот кој треба да ги извршува редовните работни задачи на општината, а исплатата без доказ за извршените работи не дава уверување во реалноста и објективноста на потрошените средства за оваа намена.

[4] Договор бр.31-934/17 од 05.08.2021 година.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности за:

- привременото ангажирање на работници преку приватни агенции за вработувања да се врши само во случаите кои се предвидени согласно законските одредби и
- привремено ангажираните лица да се исплаќаат врз основа на извештај за остварени работни часови на работникот.

3.2.3. Во текот на 2022 година Општината, исплатила средства во вкупен износ од 2.755 илјади денари за ангажирање на 14 (четиринаесет) лица со договор за дело од кои 11 (единаесет) биле ангажирани преку целата година. Дел од ангажираните лица се на работни места предвидени со актот за систематизација, а дел се за работни места кои се предвидени со член 14 од Законот за вработените во јавниот сектор, а не се систематизирани (секретарки, советници на градоначалникот, соработници за контакт со граѓани, со граѓански организации, соработник за правни и нормативни работи, дотации и доставувач на материјали).

Ангажирањето на лицата со договор за дело не е во согласност со Законот за облигациони односи и Законот за вработените во јавен сектор, бидејќи договорот за дело не претставува основ за засновање на работен однос. Имено, согласно член 619 од Законот за облигациони односи договор на дело се склучува кога едно лице треба да изработи определен предмет или да изврши определена физичка и интелектуална работа што не кореспондира со содржината на склучените договори за горенаведените лица, додека согласно член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор пополнувањето на работно место во јавниот сектор се врши со објава на јавен оглас.

Во текот на август/септември 2023 година општината по пат на јавен оглас вработила девет лица, а до денот на вршење на ревизијата ангажирани се четири лица со договор на дело за вршење работи и работни задачи од дејноста на општината.

Ангажирање на лица со договор на дело кои извршуваат работни задачи од делокругот на редовни работни задачи создава ризик од субјективност како во постапката при изборот на лицата ангажирани со договор на дело така и во утврдувањето на висината на износот за исплата.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности за преиспитување на потребата од ангажирање на работници по договор за дело за вршење на работни задачи од дејноста, како и за систематизирање на работни места и вработување на лица согласно позитивните законски прописи.

3.2.4. Општина Врапчиште има прикажано расходи по основ на плаќања кои се извршени без соодветна поткрепувачка документација (фискални сметки, испратница, работен налог, патен налог, спецификација на трошоци) во вкупен износ од 3.831 илјада денари, а се однесуваат на:

- набавка на гориво во вкупен износ од 1.431 илјада денари. Евидентирањето на трошоците е врз основа на доставени фактури и спецификации на извршен промет од страна на економскиот оператор без да бидат приложени сметки/сметкопотврди за наполнето гориво и фискална сметка како би се видело во кое возило е точено горивото. За начинот на користење и одржување на возила во Општината не е донесен интерен акт и не е воспоставена пракса да се изготвуваат налози за користење на службени возила авторизирани од страна на возачот и корисникот, како би можело да се потврди службеното дејствие што се врши, местото на поаѓање и местото на упатување и поминатите километри. Во текот на ревизијата вработените започнаа со пополнување на налог за користење на патнички автомобил за службени дејствија;
- поправка и сервисирање на патнички моторни возила со замена на резервни делови во вкупен износ од 625 илјади денари. Во прилог на фактурите не се доставени работни налози и спецификации на извршени услуги и набавки, ниту пак друг доказ кој ќе ја потврди набавката на резервни делови, гуми и поправка на возилата. Исто така, во фактурите за извршени поправки недостасуваат податоци за видот на возилото и истите се одобрени само од страна на одговорното лице, без да бидат верификувани од лицето кое извршило прием на стоката или услугата;
- зимско одржување на улици во вкупен износ од 1.400 илјади денари, по основ на доставена фактура во која нема прилог работен налог за потврда на извршените услуги;
- репрезентација односно користење на ресторански услуги од страна на одговорното лице во вкупен износ од 375 илјади денари. Исплатата на средствата се врши по доставени фактури, без да биде наведен видот и намената за која услугата е извршена (свечени/деловни ручеци и коктели). Правото, начинот и постапката на користење на угостителски услуги во Општината, не е регулирано со интерен акт.

Ваквиот начин на признавање на расходите без соодветна поткрепувачка документација не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, каде е пропишано дека внесувањето на податоците во деловните книги на буџетите и буџетските корисници мора да се заснова врз веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи и создава ризик за несоодветно трошење на буџетски средства.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности:

- промените во деловните книги и финансиските извештаи да бидат врз основа на комплетни и веродостојни сметководствени документи;
- да се донесе интерени акти за уредување на начинот на користење и одржување на службените моторни возила и правото, начинот и постапката на користење на угостителски услуги.

3.2.5. Во текот на 2022 година од Општината, исплатени се средства во износ од 220 илјади денари на спортски клуб. Средствата се исплатени по доставено Барање[5] од фудбалскиот клуб и донесена Одлука[6] за поддршка на фудбалските клубови на територијата на Општина Врапчиште. Советот нема донесено акт со утврдени критериуми и постапка за доделување на средства до спортските клубови на територија на општината, што не е во согласност со член 22-а од Законот за спортот. За доделените средства клубот нема доставено наративен извештај со финансиски податоци и прилог на документација за да се утврди наменското користење на средствата што има влијание на транспарентноста и отчетноста во трошењето на средствата.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности за:

- изготвување на акт со кој поблиску ќе се уредат критериуми и постапката за доделување на средства до спортските клубови на територија на општината,
- обезбедување на извештај од корисникот на средствата за реализација на програмските активности.

Јавни набавки

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на Општина Врапчиште за 2022 година со Законот за јавните набавки[7], извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и реализација на доделените договори за јавни набавки.

Со ревизијата беа опфатени вкупно 12 постапки за јавни набавки кои имаат реализација во 2022 година, од кои 5 постапки се спроведени во 2022 година, 6 постапки во 2021 година и една постапка во 2020 година. Вредноста на склучените

[5] Барање број 03-259/1 од 14.02.2022 година.
[6] Одлука број 09-422/1 од 11.03.2022 година.
[7] „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/19 и 87/21

договори од ревидираните постапки изнесува 81.554 илјади денари без вклучен ДДВ и по истите во 2022 се преземени обврски во вкупен износ од 60.362 илјади денари со ДДВ од кои платени се 28.691 илјада денари.

3.2.6. Со увид во Електронскиот систем за јавни набавки и сметководствената евиденција на Општината ревизијата го констатираше следното:

- Согласно членот 40 став 6 од ЗЈН, договорните органи во текот на годината можат да вршат набавки на стоки, услуги и работи без спроведување на постапка, при што вкупната вредноста на овие набавки во тековната година не смее да надмине 12 илјади евра во денарска противвредност без ДДВ.
  Општина Врапчиште во 2022 година без спроведена постапка за јавна набавка има преземено обврски за набавка на стоки и услуги во вкупен износ од 39.650 евра, односно 2.450 илјади денари[8], што претставува надминување на законски утврдениот вредносен праг приближно за 25.490 евра односно за 1.575 илјади денари.
  Преземените обврски се однесуваат на снабдување со хигиенски материјали, производи од маркет, поправка и сервисирање на возила, угостителски услуги, набавка на бекатон плочи, осигурување на возила итн;
- не се води евиденција и не е извршено објавување на податоците во кварталните евиденции на ЕСЈН за извршените набавки во 2022 година без спроведена постапка, што не е согласно член 40 став 5 од ЗЈН.

Неспроведени постапки не обезбедуваат почитување на начелото на економичност, ефикасност и ефективност од ЗЈН како и транспарентноста и законитоста при постапките за доделување на договори за јавни набавки.

Препорака:

Одговорното лице да преземе мерки и активности за:

- набавки на стоки, услуги и работи без спроведување на постапка, да биде во рамките на законски утврдениот максимум односно вкупната вредноста на овие набавки во тековната година да не надмине 12 илјади евра во денарска противвредност без ДДВ;
- водење на евиденција и редовно објавување на податоците за извршените набавки без спроведена постапка во Електронскиот систем за јавни набавки.

## 4. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и

[8] Со ДДВ

Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

Ревизијата е планирана и извршена во периодот од 12.09.2023 до 31.01.2024 година кај Општина Врапчиште од тим на Државниот завод за ревизија.

Не е извршена ревизија, ниту е издаден извештај за годините кои и претходат на годината што е предмет на ревизија на Општина Врапчиште, сметка на основен буџет (637).

## 5. Опфат и ограничувања

Има ограничувања во опфатот на ревизија во делот на комплетноста и веродостојноста на сметководствената евиденција односно главната книга која се води во електронска форма.

## 6. Одговорност на раководството за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на градоначалникот на Општина Врапчиште, застапувано од:

- Исен Шабани, градоначалник на Општина Врапчиште од 31.10.2021 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Градоначалникот на општината е исто така одговорен за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 7. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI стандардите секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на општината, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на општината. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на градоначалникот на општината, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

Исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се одговорни за управувањето дека сме ги почитувале релевантните етички барања во однос на независноста и дека ќе комуницираме со нив за сите релации и други прашања за кои разумно може да се смета дека се поврзани со нашата независност и, каде што е применливо, за соодветни заштитни мерки.

## 8. Недостатоци во внатрешна контрола

8.1. При оценка на системот на внатрешни контроли, а со цел да се утврди дали истите се дизајнирани и функционираат согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор утврдивме дека:

- не се донесени процедури за материјално и финансиско работење во кои ќе бидат опфатени: текот на движење на документацијата за секој вид на плаќање и наплата на приходи, распределба на должностите и одговорностите за лицата вклучени во процесот, системот за следење и контрола на сметководствената документација што подразбира прием на фактури и архивирање, книга на влезни фактури, книга на излезни фактури, барање за плаќање со кое се потврдува основот за исплата, комплетирање на сметководствената документација, контрола, подготовка на документација за плаќање и нејзино одобрување, што не е во согласност со член 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и стандард 12 за внатрешна контрола во јавниот сектор и
- не е воспоставена ex-ante и ex-post контрола, која треба да обезбеди финансиските трансакции, расходи или приходи да бидат проверени, пред и откако трансакцијата е целосно завршена со цел намалување на ризикот од несакани последици и подобрување на процедурите, што не е во согласност со член 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, поради што евидентираните документи не се контролирани/ликвидирани односно нема потврда на веродостојноста, комплетноста и точноста на истите.

Отсуството на внатрешни контроли создава ризик финансиските трансакции да не се извршени согласно законските прописи и да не се темелат на соодветна сметководствена документација за обезбедување на целосни, вистинити и веродостојни информации.

Препорака:

Градоначалникот на општината да преземе мерки и активности за:

- донесување на процедура за материјално и финансиско работење во кои ќе бидат опфатени: текот на движење на документацијата за секој вид на плаќање и движење на документацијата;
- обезбедување систем на ex-ante и ex-post финансиска контрола.

8.2. Со извршениот увид во актите за внатрешна организација и систематизација на работните места донесени во 2016 година, со измени и дополнувања во 2021 година, ревизијата констатира дека е формирана посебна организациона единица за финансиски прашања – Сектор за финансиски прашања во кој се предвидени 7 (седум) работни места, но во текот на 2022 година пополнети се само 2 работни места, од кои едното е раководител на сектор, додека лицето кое е вработено како советник за буџетска координација, буџетска контрола и аналитика, извршува работни задачи во одделението за администрирање со даноци и такси. Во текот на 2023 година во секторот е вработено уште едно лице на работно место соработник за планирање, следење и реализација на буџетот.

Не екипирањето на Секторот за финансиски прашања, надлежно за вршење на работите од областа на финансиското управување и контрола создава ризик финансиските трансакции да не се извршени согласно законските прописи и да не се темелат на соодветна сметководствена документација за обезбедување на целосни, вистинити и веродостојни информации.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности за доекипирање на одделението буџетска координација, буџетска контрола, сметководство и плаќање, кое ќе ги врши работите од областа на финансиското управување и контрола.

9. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој нацрт извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Општина Врапчиште, одржан на ден 13.02.2024 година, за истите дадоа свои коментари и објаснување.

Од страна на градоначалникот на Општина Врапчиште не се доставени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 14-415/2 од 15.03.2024 година.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2022 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 77.667 | 86.152 |
| **Вкупно приходи** | | **77.667** | **86.152** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 21.933 | 20.609 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 1.130 | 1.776 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 31.556 | 24.585 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 2.214 | 2.480 |
| Социјални бенефиции | 3.2.5. | 75 | 191 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **56.908** | **49.699** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 19.559 | 36.453 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **19.559** | **36.453** |
| **Отплата на главнина** | 3.4. | **1.200** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **77.667** | **86.152** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.12.2022

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| Тековни средства | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 104.290 | 92.550 |
| Вкупно тековни средства | | 104.290 | 92.550 |
| Постојани средства | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 29.011 | 36.496 |
| Вкупно постојани средства | | 29.011 | 36.496 |
| Вкупна актива | | 133.301 | 129.046 |
| Пасива | | | |
| Тековни обврски | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 104.290 | 92.550 |
| Вкупно тековни обврски | | 104.290 | 92.550 |
| Извори на средства | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 29.011 | 36.496 |
| Вкупно извори на деловни средства | | 29.011 | 36.496 |
| Вкупна пасива | | 133.301 | 129.046 |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2022 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| Состојба 01.01.2022 година | 36.496 | 36.496 |
| Зголемување по основ на: | - | - |
| Набавки | - | - |
| Намалување по основ на: | 7.485 | 7.485 |
| Амортизација | 7.485 | 7.485 |
| Состојба 31.12.2022 година | 29.011 | 29.011 |